Младински Совет - Прилеп

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2022

## МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП

**Е-маил:**
contact@ycp.org.mk
**Веб страна:**
www.ycp.org.mk

**Телефон:**
078 470 400
**Улица**
„Цар Самоил“ бр.18

# СОДРЖИНА

**ЗА НАС** ........................................ 3

Визија ........................................ 3
Мисија ........................................ 3

**СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ** ........................................ 4

Стратешка цел 1 ........................................ 5
Стратешка цел 2 ........................................ 9
Стратешка цел 3 ........................................ 14
Стратешка цел 4 ........................................ 17

**УЧЕСТВО НА МСП** ........................................ 18

## ЗА НАС

Младински Совет Прилеп (МСП) е основан во 1999г. како младинска невладина организација во Прилеп и е насочена кон подобрување на животот на младите на регионално и национално ниво. Младински Совет Прилеп е основач и полноправна членка на Коалиција на младински организации СЕГА, национална чадор организација.

МСП дава услуги и можности за младите и активно се обидува да ги вклучи во процесите на донесување одлуки во организацијата. МСП се стреми да влијае позитивно на младите и да создава млади лидери со давање можности на младите да ги изградат своите капацитети и да бидат поконкурентни во општеството.

## ВИЗИЈА

Младински Совет Прилеп е одржлива водечка организација на локално и регионално ниво, сигурен партнер во креирањето и спроведувањето на младинската политика, заедно со сите клучни засегнати страни. Нашата работа како видлива и призната организација се заснова на демократски вредности кои им овозможуваат на младите да бидат креативни и активни граѓани.

## МИСИЈА

Младински Совет Прилеп ги поддржува младите да учествуваат во демократските процеси, овозможувајќи им да прераснат во активни граѓани.

***„Младински Совет Прилеп работи за младите со младите“***

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 ..................................................**
*„ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ВО РЕГИОНОТ“*

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 ..................................................**

*„ЗГОЛЕМЕНО МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА“*

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 ..................................................**

*„ДОБЛИЖУВАЊЕ НА ЕВРОПА ДО МЛАДИТЕ“*

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 ..................................................**

*„ПОДДРШКА ВО КАРИЕРНО НАСОЧУВАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ“*

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1- „ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ВО РЕГИОНОТ“

Младински совет Прилеп им помага на младите во регионот да го развијат својот потенцијал. Во моментот младите луѓе во регионот се соочуваат со недостаток на можности да се развијат професионално, социјално и културно. Младински совет Прилеп нуди професионални активности, обуки, работилници и други можности за младите во регионот да се усовршат професионално.

### „INTRODUCE YOUTH SELF“

Младински Совет Прилеп е партнер со Associació PROSEC во рамки на проектот „Introduce Youthself“ кој што се спроведува со поддршка на програмата Еразмус + во Клучната Акција 2 – Стратешки партнерства во полето на младите, со времетраење од 2 години, почнувајќи од 15.03.2022 до 15.03.2024 година.

**Цел на проектот**

- Да им се помогне на младите со помалку можности, без обука или курсеви, кои имаат одредени компетенции и вештини и ги прикажуваат во своето CV да можат да ги валидираат.
- Да се изнајде начин преку кој ќе можат да бидат валидирани вештините и компетенциите на младите.

**Активности на проектот**

- Состаноци со партнери (транс-национални состаноци)
- Креирање Методологија за прирачник
- Тестирање на методологијата со млади
- Изработка на мобилна верзија и/или мобилна апликација од методологијата за верификација
- Тестирање на мобилната апликација со млади
- Превод на апликацијата на јазици од партнерите на проектот
- Подготовка на мобилна апликација и пуштање во употреба

**Резултати на проектот**

- Креирана Методологија за прирачник.
- Креирана мобилна верзија и/или мобилна апликација од методологијата за верификација.









# „MULTIPLIER FOR PEACE IN 3 – STEPS“

Младински Совет е партнер на проектот „Multipliers for Peace in 3-steps“, кој што го спроведува United Societies of Balkans од Грција, во периодот од 01.05.2020 година до 30.11.2022 година.

**Цел на проектот**

- Да се ублажат ефектите од миграциските, бегалските текови, социјалната и економската криза.
- Деградација на стереотипите меѓу учесниците и градење доверба.
- Консолидација на поимите за демократија, мир и човекови права.
- Воспоставување на меѓукултурен дијалог со поинаков пристап кон билатералните/мултилатерални конфликти меѓу бегалците и имигрантите.

**Активности на проектот**

- Главна активност во рамки на овој проектот е Тренинг - курсот во Стратони, кој се одржа помеѓу 17.07.2022 – 29.07.2022 година со учество на 30 млади работници од 12 земји од Европа.

**Резултати на проектот**

- Свесни млади за сопствените способности.
- Едуцирани млади за да развијат мирна совест, водена од принципите на ненасилство, правда, почитување на човековите права.







**ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ“**

Младински Совет Прилеп беше дел од тимот за спроведување на Гаранција за млади во 2022 година преку ангажирање на Регионален Координатор за Пелагонискиот регион во спроведување на теренски активности.

## Цел на проектот

- Да им се овозможи на младите лица до 29 годишна возраст, кои не се вработени, ниту вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по нивното евидентирање како невработени лица во АВРМ.

## Активности на проектот

- Наоѓање и евидентирање на NEET млади.
- Запознавање на NEET млади со Гаранција за млади и можностите кои ги нуди.
- Мотивирање на NEET млади за да се вклучат во Гаранцијата за млади.

## Резултати на проектот

- Најмалку 30% од вклучените лица во ГМ се вработени, повторно вклучени во образовен процес или вклучени во активните програми и мерки за вработување.







## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2 - „ЗГОЛЕМЕНО МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ВО ЗАЕДНИЦАТА“

Младински Совет Прилеп ги поддржува младите од основните, средните училишта, студентите и НЕЕТ младите да учествуваат во демократските процеси, овозможувајќи им да прераснат во  активни граѓани.

## „БИДИ КРЕАТОР НА СВОЈАТА АВТОМНА ЗОНА – МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР“

Младински Совет Прилеп доби грант доделен од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) преку проектот „Поддршка на изборните реформи“, кој го спроведува Меѓународна фондација за изборни системи (ИФЕС) за реализација на иновативната иницијатива „Биди креатор на својата автономна зона – Младински Центар“, во времетраење од 6 месеци, почнувајќи од 1 ноември 2022 година се до 30 април 2023 година.

**Цел на проектот**

- Да се придонесе кон зголемување на политичката одговорност и транспарентност во локалните заедници.

**Активности на проектот**

- 3 ИНФО денови
- 5 Работилници за дигитално учество на младите
- 3 Аудио поткасти
- 3 Видео поткасти
- 4 Настани за собирање потписи т.е петиција
- Позициски документ
- Тркалезна маса

**Резултати на проектот**

- Младите се активни и вклучени и ги повикуваат на одговорност локалните власти.
- Дигитално обучени млади креираат аудио поткасти и видео продукти.
- Подготвен Позициски документ со препораки од млади во Општина Прилеп.


Биди креатор на
својата автономна ЗОНА
Младински центар
МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР


Биди креатор на
својата автономна ЗОНА
Младински центар


Биди креатор на
својата автономна ЗОНА
Младински центар

## „ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТЕРСТВО И ВОЛОНТЕРСКИ ТИМ“

Младински Совет Прилеп секоја година објавува повик за амбициозни млади кои сакаат да волонтираат во организацијата. Преку нивното волонтерство, тие се стекнуваат со поголеми знаења, а воедно и развиваат вештини за планирање, организирање, но и лидерски вештини преку водење на радио емисии во рамките на младинското радио „Пулс“, основано од страна на МСП. Покрај тоа, волонтерите имаат шанса за учество во голем број локални работилници, дискусии и обуки, а воедно и во учество на размени.
Во текот на 2022 година, вкупниот бројот на волонтери кои беа вклучени во активностите на Младински Совет изнесува околу 50.

За успешна подготовка и спроведување на активностите во организацијата, вклучување на волонтерите во тековните активности на организацијата, во домашни и меѓународни проекти, Младински Совет Прилеп креираше и усвои програма за волонтерство за 2023 година.
Целите на програмата за волонтерство соодветствуваат со стратешките цели на организацијата. Преку реализација на овие цели ќе придонесеме кон: зголемување на младинското учество на локално ниво, зголемување на младинскиот активизам преку нивно вклучување и ангажман, нивно унапредување како на личен така и на професионален план и кон зголемување на информираноста на младите на теми кои што се од нивни интерес (младински размени, тренинзи, обуки, стипендии) и други поволности за младите.

За полесно и поквалитетно реализирање на целите на програмата, МСП развија опис на 3 волонтерски позиции:

***1. Програма за еколошки акции*** – Еко - агенти за иницирање и организирање на еколошки акции. Волонтерот ќе биде одговорен за подготовка, логистика и организација на волонтерски еколошки акции.

***2. Програми за неформално образование*** - Едукатори за локални едукативни работилници. Волонтерот ќе биде одговорен за организирање и реализација на едукативни работилници за своите врсници на теми поврзани од нивниот интерес (Здрав животен стил, Образование, Кариера, Спорт и рекреација и слично).

***3. Програма „Радио Пулс”*** – Водител на радио поткасти и емисии. Волонтерот ќе биде одговорен за креирање и продуцирање на радио поткасти и емисии од едукативен и забавен карактер.
По повод денот на волонтерството, 5-ти Декември, Младински Совет Прилеп како и секоја година така и оваа формираше нова група на волонтери, проширувајќи го својот Волонтерски тим, со кој одржа интерактивна работилница во која волонтерите ги запишуваа своите размислувања околу придобивките, вредноста, влијанието и мотивацијата на волонтирањето.






Водител на
радио поткасти
и емисии


Водител на
радио поткасти
и емисии


OP!N
ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО ВОЛОНТЕРСКИОТ ТИМ
НА МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП




НА МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 - „ДОБЛИЖУВАЊЕ НА ЕВРОПА ДО МЛАДИТЕ“

Младински совет Прилеп е организација со големо меѓународно искуство во организирање на волонтерска работа и размена на млади преку програмата на Европскиот солидарен корпус и нудење на можности за стекнување на меѓународно волонтерско искуство преку истата програма. Овие можности не само што вклучуваат можности за млади од Македонија да патуваат во странство, но исто така да им дава шанса на младите од Европските земји да дојдат во Македонија и да ја искусат Македонската култура како волонтери преку истата програма.

### „YOUTH ON THE AIR“

Со цел доближување на Европа поблиску со младите од нашиот регион, Младински Совет Прилеп, од 01.03.2021 година започна со спроведување на проектот „YOUTH on the AIR“, поддржан од ЕУ, со времетраење од 20 месеци, до 31.10.2022 година.





**Цел на проектот**

- Да се се зајакне граѓанскиот активизам во општеството.
- Да се промовираат Европските вредности преку креативност, преку користење на интернет радио „Пулс“ како одлична рамка за развивање на подобро интеркултурно учење помеѓу младите од различни земји.

**Активности на проектот**

- ЕСК Волонтерите соработуваа со локалните млади и локалните волонтери.
- ЕСК Волонтерите имплементираа и голем број на работилници со деца од Основните училишта, како и со млади од 15 до 30 години.
- ЕСК Волонтерите имаа  можност и да спроведуваат бесплатни курсеви за учење на италијански и турски јазик, за сите оние кои се амбициозни и заинтересирани да учат нови работи и да се надоградуваат.
- ЕСК Волонтерите посетуваа настава по македонски јазик.

**Резултати на проектот**

- Поттикната креативност на младите.
- Подобрени организациските способности на младите.
- Зголемена социјалната вклученост на младите.





## „A STEP OF RURAL YOUTH TOWARDS THE FUTURE“

На 01.10.2021 година започна проектот „A step of Rural Youth towards the future“ со времетраење од 12 месеци заклучно со 01.10.2022. Проектот го спроведува Младински Совет Прилеп во партнертство со Stowardzyszenie Edukacja Prez Internet од Полска, System and Generation од Турција и Prosec од Шпанија и истиот е финансиски поддржан од програмата Erasmus+, Клучна акција 1.

**Цел на проектот**

- Да се зајакнат младите луѓе со географски и економски пречки за препознавање дезинформации споделени од медиумите.
- Младите од руралните средини да излезат од својата комфорна зона учествувајќи во неформални активности заедно со своите врсници од 5 европски земји.
- Да се поттикне интеркултурно учење кај младите од руралните средини преку промовирање медиумска и информациска писменост.

**Активности на проектот**

- Младинска размена „Ајде да одиме напред заедно“ со времетраење од 8 дена (24.06.2022-01.07.2022).

**Резултати на проектот**

- Младите од рурални средини поактивни во заедницата.
- Младите од рурални средини имаат подобар пристап до веродостојни информации.
- Младите од рурални средини стекнати со вештини за препознавање на лажни вести споделени од медиумите.
- Младите од рурални средини стекнати со вештини за пишување новинарски записи.





## „ACCREDITATION“

Младински Совет Прилеп е носител на акредитација од програмата Еразмус+, во делот Мобилност на млади. Целите на акредитацијата се во согласност со стратешките цели на организацијата. Активности предвидени во акредитацијата се 2 Младински размени, 1 Обука за младински работници и 1 Студиска посета.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4 - „ПОДДРШКА ВО КАРИЕРНО НАСОЧУВАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ“

При препознавање на конкурентноста на работната сила и моменталните празнини во услугите за поддршка и насочување на кариерниот развој за млади, МСП се фокусира кон обезбедување услуги за кариерно насочување на младите во претстојниот период.

# УЧЕСТВО НА МЛАДИНСКИ СОВЕТ ПРИЛЕП ВО ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## ИНТЕРВЈУ СО СОЕПТУ „КУЗМАН ЈОСИФОСКИ - ПИТУ“

Во рамките на проектот „Развој на критичко мислење, комуникациски и социјални вештини“ кој што го спроведуваше СОЕПТУ„Кузман Јосифоски - Питу“ на кој што учествуваа 6 ученички во Бреаза, Романија, Младински Совет - Прилеп даде свој придонес преку споделување на досегашните искуства од работа и мотивацијата за вклучување на младите во работата на младинските организации и во неформалното образование. Учесниците на проектот, ученици во СОЕПТУ „Кузман Јосифоски - Питу“ имаа интервју со  Програмскиот асистент во Младински Совет – Прилеп, кој што даде одговор на прашањата за кој што учениците пројавија најголем интерес за работата на организацијата.

## *РАБОТИЛНИЦА ЗА ВОДИЧ ЗА ВОЛОНТЕРИ*

Младински Совет Прилеп даде значаен придонес на работилницата за подготовка на Водич за волонтери на 2 март 2022 година, која ја организираше Национална агенција за европски образовни програми.
Целта на работилницата беше да се добијат коментари и сугестии за подобрување на нацрт содржината на Водичот за волонтери, кој подоцна ќе биде преточен во официјална публикација – Водич за волонтери.

# КОНФЕРЕНЦИЈА „ДИГИТАЛИЗАЦИЈА“

Локални волонтери на МСП учествуваа на Конференција на тема „Дигитализација“.

На 31 март во Прилеп, во рамки на Француското претседателство со Советот на ЕУ, амбасадата на Франција организираше конференција на тема „Дигитализација“, на којашто учествуваше претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски.

Младински Совет Прилеп даде поддршка во организирање на настанот со учество на 6 мотивирани млади, кои активно се вклучија со давање свои ставови и мислења во врска со темата. Теми на кои се дебатираше во текот на конференцијата се: Регулација на содржината, Обезбедување на фер услови меѓу актерите, Гаранција за европска суверена дигитализација и Ефикасна борба против дезинформации.



## ОБУКИ „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА“

Младински Совет Прилеп како организација која работи со и за млади на локално, регионално и национално ниво беше вклучена во Програмата за јакнење на капацитетите на граѓанските организации преку процес на обуки за организациски и програмски развој како и менторска поддршка од релевантни експерти од различни теми.

Во насока на јакнење на капацитетите на граѓанските организации, МСП зеде активно учество на 6 обуки и тоа: Обука за организациски развој (25-26 ноември 2021 година – онлајн обука), Обука за истражување и застапување на политики (30 март – 01 април 2022), Обука за родови политики (06 април – 08 април 2022), Обука за процесот на пристапување во ЕУ – секторски стандарди (19 април – 21 април 2022), Обука за Управување со волонтери (18 мај – 20 мај 2022) и Обука за превенција и справување со кибер-насилство (25 мај – 27 мај 2022).

Преку овој циклус на обуки, МСП ги зајакна своите капацитетите за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување.











**РАБОТИЛНИЦА „ИМИГРАЦИЈА“**

На 23 мај 2022 година, Младински Совет креираше работилница на тема „Имиграција“ во просториите на СОЕПТУ „Кузман Јосифоски – Питу“ Прилеп, по која што следеше дискусија меѓу учесниците. Целта на работилницата беше да се промовираат европските вредности - толеранција, почит, демократија, активно граѓанство, да се промовира интеркултурното учење, да се олесни размената на идеи и соработката меѓу европските студенти.









## ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СЕГА

Младински Совет Прилеп како основач и основна членка на Коалиција на младински организации СЕГА учествуваше на Годишното собрание од 2022 година од Коалиција СЕГА. Собранието се одржа на 13.07.2022 година во хотел Амбасадор, Скопје.

На Собранието, на кое присуствуваа 25 претставници од основните и придружните членки на СЕГА, беше усвоен дневниот ред, записникот од претходната седница на Собранието, програмскиот, финансискиот извештај за работа на СЕГА за периодот на 2021 година, годишната програма на СЕГА за 2022 година и беа презентирани тековните и новите проекти на СЕГА. Исто така беше ревидирано членството во Коалиција СЕГА.






## КОНФЕРЕНЦИЈА „DIGI - ДИГИТАЛНОТО УЧЕСТВО Е ЛЕСНО“

Во текот на месец јули во хотел Амбасадор, Скопје се одржа завршната конференција на проектот „DIGY - Дигиталното учество е лесно“ на која што учество зеде и Младински Совет Прилеп.
Конференција беше спроведена од Коалиција на младински организации СЕГА се со цел промоција на алатките за дигитално младинско учество.
Преку дискусијата на настанот беше забележано дека позитивни ефекти од дигиталното младинско учество се видливи само кога процесот на учество се води професионално, односно користењето на дигиталните алатки не е доволно за да се обезбеди успешно учество на младите во локалните заедници, институции и младински организации.





## КОНФЕРЕНЦИЈА „МЛАДИТЕ ВО ОТВОРЕН БАЛКАН“

Еден од настаните на кои што учествуваше Младински Совет Прилеп во рамки на неделата на млади е регионалната младинска конференција „Младите во ‘Отворен Балкан’ – шанси и перспективи за сигурен напредок во регионот“. На конференцијата беа присутни млади, претставници на форми на младинско организирање, министри и други претставници на институции од регионот, како и претставници од меѓународни институции кои заедно учествуваа во четири работни групи на теми од голема важност за младите: младинско учество, политики за вработување, младинска работа и млади во дигиталниот свет.

Членовите на Младински Совет Прилеп како учесници на оваа конференција, се вклучија во работните групи за: младинско учество и политики за вработување, во кои што се креираа препораки за подобрување на младинската вработливост како и препораки за подобрување на младинското учество во регионот.





## МСП ГОСТИН НА МР1

Програмскиот асистент на Младински Совет Прилеп, беше гостин во утринската емисија на Македонско Радио 1.
Во текот на емисијата таа се осврна на активностите кои беа предвидени по повод Денот на младите - 12 Август. Таа ги претстави досега спроведените активности на организацијата со посебен фокус на Младинската размена, и најави дека Младински Совет - Прилеп како организација со здобиена акредитација за програмите Еразмус + и Европски Солидарен Корпус ќе продолжи да работи на реализација на 2 младински размени, 1 студиска посета и 1 обука за младински работници кои ќе се реализираат во скоро време.

## ОБУКА „ДИГИТАЛНО МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И АКТИВНО ГРАЃАНСТВО“

Младински Совет Прилеп учествуваше на обука за „Дигитално младинско учество и активно граѓанство“ во периодот од 12 до 14 август во хотел Дрим, Струга и на истата присуствуваа 11 претставници од граѓански организации и младински организации од Пелагонискиот регион.
Во текот на обуката беа опфатени содржини од обласата на: Медиумска писменост и Нетикет; Младинско учество и електронско младинско учество; Активно граѓанство; Дезинформации на интернет, говор на омраза и Алатка за електронско младинско учество – OPIN.
Во текот на септември се реализираа последователни активности со млади во насока на поттикнување на дигиталното учество и активно граѓанство на младите односно организирање работилници за Е-учество со млади и користење на алатката OPIN.



## МЛАДИНСКА РАЗМЕНА ПАРИС И ТУНИС

Младински Совет Прилеп учествуваше на две младински размени во Парис и Тунис, кои се дел од проектот „Поврзување - Connextions", во кој Коалиција на младински организации СЕГА е партнер, а МСП како основач и полноправна членка на СЕГА даде значаен придонес со своето учество на тие размени.

Првата младинска размена беше во Парис во периодот од 16 септември до 18 септември 2022 година, на истата учествуваа 16 учесници од 4 различни земји (Македонија, Тунис, Белгија и Франција), а втората беше во Тунис во периодот од 28 октомври до 1 ноември 2022 година, на која учествуваа 36 учесници.

Преку најразлични забавни работилници и тимски игри учесниците од четирите земји успеаја меѓусебно да се запознаат и да развијат непосредна, отворена комуникација.
Сепак, една од главните цели на овие размени беше да им се овозможи на младите да го зафатат дигиталното прашање и да го предложат своето гледиште со цел соодветно и одговорно да го користат во интеркултурните искуства - како дел од процесот на посветеност. Исто така како цел беше и претставување и афирмација на различните култури.

На организираните културни вечери младите успеаја да ги покажат и истакнат вредностите на нашата национална култура, како и да ги подготват македонските традиционални јадења, а воедно и да ја искусат француската, белгиската и туниска традиционална храна и да се запознаат со нивните обичаи.
Вечерите во рамки на оваа програма имаа различна тема, но и активности и слободни вечери за дружење.






# „МЛАДИНСКО Е-УЧЕСТВО ЗА ПОДОБРА ЗАЕДНИЦА“

Во периодот од 13 – ти до 16 – ти октомври во Струга, Младински Совет Прилеп учествуваше на конференција „Младинско е-учество за подобра заедница”.

На конференцијата учество зедоа млади од средните училишта од Прилеп, претставници на граѓански организации и донесувачи на одлуки на локално ниво на Општина Прилеп, истите беа вклучени во работилници на кои ги приоретизираа младинските иницијативи за подобра заедница кои беа резултат на претходните активности од проектот. Исто така, учесниците од конференцијата преку заеднички работилници имаа можност да креираат иницијативи за зголемување на квалитетот на животот на младите во локалната заедница, кои подоцна ќе бидат преточени во документ кој ќе биде испратен до Општина Прилеп.

Преку оваа конференција се дојде до заклучок дека младите имаа можност и искуство да бидат консултирани во процесите на донесување одлуки, како од страна на локалната самоуправа така и од други локални институции. Во некои од општините постојат одредени неформални механизми преку кои би можело да се обезбеди младинско учество во донесувањето одлуки, но потребно е овие механизми да се јакнат и да се развиваат. Заинтересираноста на младите е клучен фактор, а најдобриот и најблизок начин за такво учество и вклучување на младите во општественото одлучување се локалните младински совети, преку кои младите може да лобираат за своите интереси.



## ФОКУС ГРУПА – МЛАДИ МЕДИУМИ

Младински Совет активно учествуваше на „Обука за модератори на фокус групи“.
Обуката се реализираше во периодот од 4-ти до 6-ти ноември во Струга и на истата присуствуваа младински работници од 10 Општини од Македонија.
Во текот на месец ноември се реализираа последователни локални активности со млади со посебен акцент на анализа и споделување на своe мислење во однос на два медиумски портали: Радио МОФ и Универзитетското Радио УГД во насока на мотивирање и поттикнување на младите луѓе да учествуваат во создавањето на медиумски содржини како и тие содржини критички да ги осмислат и променат.





## ГОДИШЕН НАСТАН ЗА ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ИМААТ ОЗНАКА ЗА КВАЛИТЕТ ОД ПРОГРАМАТА ЕВРОПСКИ СОЛИДАРЕН КОРПУС

Младински Совет Прилеп како организација со Ознака за квалитет од програмата Европски Солидарен Корпус присуствуваше на Годишен настан спроведен од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.

На настанот кој се одржа во периодот од 30.11.2022 година до 01.12.2022 година во Маврово се презентираа добри и лоши практики во имплементација на волонтерски проекти чија цел беше да се идентификуваат добри примери кои може да бидат искористени од другите организации и лоши искуства за кои се дискутираше како да се надминат во иднина.



## НАЦИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЛАДИНСКОТО УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Младински Совет Прилеп даде значаен придонес на Националната работилница за унапредување на младинското учество во процесите на донесување одлуки преку фасилитирање и поттикнување на група млади кои работеа на решенија за поквалитетно и посуштинско учество на младите во процесите на донесување на одлуки.

На Работилницата учествуваа млади (на возраст од 15 - 29 години), претставници на младински организации/организации за млади, локални младински совети и службеници за млади.







